Влада на Република Северна Македонија
**Генерален секретаријат**

Qeveria e Republikës së Maqedonisë së Veriut
**Sekretariati i Përgjithshëm**

# Извештај за напредокот во спроведувањето на Акцискиот план за спроведување на Стратегијата на Владата на Република Северна Македонија за соработка со и развој на граѓанското општество 2022 – 2024 и постигнување на стратешките и оперативните цели во 2023 година

# Raport mbi progresin e zbatimit të Planit të veprimit për zbatimin e Strategjisë së Qeverisë së Republikës së Maqedonisë së Veriut për bashkëpunim me dhe zhvillim të shoqërisë civile 2022 -2024 dhe arritje të qëllimeve strategjike dhe operative në vitin 2023

Скопје/ Shkup, март/mars 2024 година

## 1. Вовед

Стратегијата на Владата на Република Северна Македонија за соработка со и развој на граѓанското општество, со Акциски план 2022-2024 е усвоена на 130-та седница  на Владата, одржана на 28.12.2021 година. Истата е резултат на препознаената потреба за унапредување на механизмите за соработка со граѓанското општество и градење на континуиран, транспарентен и целосно инклузивен дијалог во процесот на креирање и спроведување на политиките. Стратегијата ги утврдува клучните приоритети и разработува активности насочени кон унапредување на правната рамка за граѓанските организации; зајакнување на институционалната рамка и практиките на соработка помеѓу Владата и органите на државната управа и граѓанските организации; воспоставување даночна рамка којашто одговара на спецификите на работењето на граѓанските организации и го овозможува нивниот развој, како и унапредување на системот на државно финансирање на граѓанските организации.

Мерките во овој стратешки документ се систематизирани во три области: Нормативна, институционална и финансиска рамка за развој на граѓанскиот сектор; Демократизација, активно учество на граѓанскиот сектор во општествените процеси, во креирањето и следењето на политиките, со посебен фокус на процесот на интеграција во Европската Унија и Граѓанскиот сектор како чинител во социјално-економскиот развој.

Предмет на овој извештај е утврдување на напредокот во спроведувањето на Акцискиот план, преку постигнување на стратешките и оперативните цели и реализираните активности предвидени во 2023

## 1. Hyrje

Strategjia e Qeverisë së Republikës së Maqedonisë së Veriut për bashkëpunim me dhe zhvillim të shoqërisë civile, me Plan të Veprimit 2022-2024, është miratuar në seancën e 130-të të Qeverisë, mbajtur më 28.12.2021. E njëjta është rezultat i nevojës së njohur për avancimin e mekanizmave për bashkëpunim me shoqërinë civile dhe ndërtimin e dialogut të vazhdueshëm, transparent dhe i përfshirë tërësisht në procesin e krijimit dhe zbatimit të politikave. Strategjia i përcakton prioritetet kyçe dhe përpunon aktivitete të drejtuara drejt avancimit të kornizës ligjore për organizatat civile; përforcim të kornizës institucionale dhe praktikave të bashkëpunimit ndërmjet Qeverisë dhe organeve të administratës shtetërore dhe organizatave civile; vendosjen e kornizës tatimore që korrespondon me specifikat e funksionimit të organizatave civile dhe mundëson zhvillimin e tyre si dhe avancimin e sistemit të financimit shtetëror të organizatave civile.

Masat në këtë dokument strategjik janë të sistematizuara në tre fusha: Kornizë normative, institucionale dhe financiare për zhvillim të sektorit civil; Demokratizim, pjesëmarrje aktive në sektorin civil në proceset shoqërore, në krijimin dhe monitorimin e politikave, me fokus të veçantë në procesin e integrimit në Bashkimin Evropian dhe Sektorin civil si faktor të zhvillimit social-ekonomik.

Lëndë e këtij raporti është përcaktimi i avancimit në zbatimin e Planit të veprimit, përmes arritjes së qëllimeve strategjike dhe operative dhe aktiviteteve të realizuara të parapara në vitin 2023. Janë analizuar gjithsej 81 aktivitete, në bazë

година. Анализирани се вкупно 81 активност, врз основа на податоци, информации и документи добиени од членовите на Мрежата државни службеници за соработка со граѓанскиот сектор од министерствата и другите органи на државната управа кои се одговорни за спроведување на конкретните мерки во Стратегијата и анализа на одговорите на 192 граѓански организации од 16 различни области на дејствување од online анкета спроведена во периодот 9-25.1.2024 година преку Прашалник за мерење на вредноста на индикаторите од Акцискиот план на Стратегијата на Владата за соработка со и развој на граѓанското општество (2022-2024) дистрибуиран до сите граѓански организации со статус „активен" (вкупно 8.504) според Отворените податоци на Централниот регистар на Република Северна Македонија[1].

На 21.3.2023 година Нацрт-Извештајот за напредокот во спроведувањето на Акцискиот план за спроведување на Стратегијата на Владата на Република Северна Македонија за соработка со и развој на граѓанското општество 2022 – 2024 и постигнување на стратешките и оперативните цели во 2023 година е доставен на мислење до членовите на Советот за соработка меѓу Владата и граѓанското општество и објавен на веб страницата на Одделението за соработка со невладини организации на Генералниот секретаријат на Владата www.nvosorabotka.gov.mk за консултации со граѓанските организации .

të të dhënave, informacioneve dhe dokumenteve të marra nga anëtarët e Rrjetit të nëpunësve shtetëror për bashkëpunim me sektorin civil nga ministritë dhe organet e tjera të administratës shtetërore që janë përgjegjëse për zbatimin e masave konkrete në Strategjinë dhe analiza e përgjigjeve të 196 organizatave civile nga 16 fusha të ndryshme të veprimit nga anketa online e zbatuar në periudhën 9-25.1.2023 përmes Pyetësorit për matjen e vlerës së treguesve nga Plani i veprimit të Qeverisë për bashkëpunim me dhe zhvillim të shoqërisë civile (2022-2024) i shpërndarë deri te të gjitha organizatat civile me status "aktiv" (gjithsej 8,504) sipas të Dhënave të hapura të Regjistrit Qendror të Republikës së Maqedonisë së Veriut.

Më datë 21.3.2023 Draft-Raporti i avancimit në zbatimin e Planit të veprimit për zbatimin e Strategjisë së Qeverisë së Republikës së Maqedonisë së Veriut për bashkëpunim me dhe zhvillim të shoqërisë civile 2022-2024 dhe arritje të qëllimeve strategjike dhe operative në vitin 2023 ishte i dorëzuar për mendim deri te anëtarët e Këshillit për bashkëpunim ndërmjet Qeverisë dhe shoqërisë civile dhe ishte i shpallur në faqen e ueb-it të Njësisë për bashkëpunim me organizata joqeveritare të Sekretariatit të Përgjithshëm të Qeverisë www.nvosorabotka.gov.mk për konsultime me organizatat civile.

[1] https://www.crm.com.mk/mk/otvoreni-podatotsi/gragjanski-organizatsii (проверено на 29.12.2023 година)
https://www.crm.com.mk/mk/otvoreni-podatotsi/gragjanski-organizatsii (e kontrolluar më 29.12.2023)

## 2. Резиме на постигнатите резултати по приоритетна област

Во Извештајот на Европската Комисија за Северна Македонија за 2023 година[2] е нотирано дека „главно, граѓанските организации (ГО) во Северна Македонија продолжуваат да работат во поволно опкружување. Сепак, Владата треба да ги зголеми своите напори за вклучување на граѓанското општество во приоритетните области и во консултативните активности. ГО треба да имаат важна улога во реформскиот процес и да бидат вклучени во процесите на донесување одлуки. Сè уште постои потреба за изменување и за спроведување во практика на постојните законски и финансиски рамки, особено за да се обезбедат конзистентни механизми за доделување јавни финансии на ГО. Потребно е Советот за соработка меѓу Владата и граѓанското општество да продолжи со своите активности“.

Главна цел на Стратегијата на Владата на Република Северна Македонија за соработка со и развој на граѓанското општество (2022-2024) е обезбедување на поттикнувачка и одржлива околина во која функционира и се развива граѓанското општество што овозможува динамични, независни, активни и одржливи граѓански организации коишто придонесуваат во зајакнување на демократското управување, ги рефлектираат интересите и потребите на граѓаните и се вклучуваат во структурен дијалог за унапредување на општеството.

## 2. Përmbledhje nga rezultatet e arritura sipas fushës prioritare

Në Raportin e Komisionit Evropian për Maqedoninë e Veriut për vitin 2023, theksohet se “kryesisht, organizatat civile (OC) në Maqedoninë e Veriut vazhdojnë të punojnë në një mjedis të favorshëm. Megjithatë, Qeveria duhet të shtojë përpjekjet e saj për të përfshirë shoqërinë civile në fushat prioritare dhe në aktivitetet konsultative. OC-të duhet të kenë një rol të rëndësishëm në procesin e reformës dhe të përfshihen në proceset vendimmarrëse. Ekziston ende nevoja për të ndryshuar dhe vënë në praktikë kuadrin ligjor dhe financiar ekzistues, veçanërisht për të siguruar mekanizma të qëndrueshëm për ndarjen e financave publike për OC-të. Është e nevojshme që Këshilli për Bashkëpunim ndërmjet Qeverisë dhe shoqërisë civile të vazhdojë aktivitetet e tij”.

Qëllimi kryesor i Strategjisë së Qeverisë së Republikës së Maqedonisë së Veriut për bashkëpunim me dhe zhvillim të shoqërisë civile (2022-2024) është sigurimi i mjedisit stimulues dhe të qëndrueshëm në të cilin shoqëria civile funksionon dhe zhvillohet dhe mundëson organizata civile dinamike, të pavarura, aktive dhe të qëndrueshme që kontribuojnë në forcimin e menaxhimit demokratik, reflektojnë interesat dhe nevojat e qytetarëve dhe kyçen në dialog strukturor për avancimin e shoqërisë.

[2] Извештај за Северна Македонија за 2023 година СВД (2023) 693 (https://www.sep.gov.mk/page/?id=1117)/
Raport për Maqedoninë e Veriut për vitin 2023 SVD (2023) 693 (https://www.sep.gov.mk/page/?id=1117)/

Акцискиот план за спроведување на Стратегијата содржи вкупно 81 активност, од кои 58 се планирани за 2022 година и 12 за 2023 година. Од нив, 27 активности (37.5%) се реализирани, 27 активности (37.5%) се во тек, а 18 активности (25%) доцнат со реализација[3].

Plani i veprimit për zbatimin e Strategjisë përmban gjithsej 81 aktivitete, nga të cilat 58 janë planifikuara për vitin 2022 dhe 12 për vitin 2023. Prej tyre 27 aktivitete (37,5%) janë realizuar, 27 aktivitete (37.5%) janë në vazhdim dhe 18 aktivitete (25%) janë me vonesë me realizim.




**Приоритетна област 1: Нормативна, институционална и финансиска рамка за развој на граѓанското општество**

**Fusha prioritare 1: Korrniza normative, institucionale dhe financiare për zhvillim të shoqërisë civile**

Работната група за изработка на Закон за изменување и дополнување на Законот за здруженија и фондации, во проширен состав, продолжи со работа во септември 2023 година. До крајот на 2023 година се одржаа 4 состаноци, вклучително и заеднички состанок со Работната група за реформа на системот на државно финансирање на граѓанските организации, по што предлозите за две нови глави: Државна поддршка на организациите и Фонд за поддршка и развој на граѓанското

Grupi i punës për përgatitjen e Ligjit për ndryshimin dhe plotësimin e Ligjit të Shoqatave dhe Fondacioneve, në përbërje të zgjeruar, ka vazhduar punën në shtator të vitit 2023. Deri në fund të vitit 2023 janë zhvilluar 4 takime, duke përfshirë edhe takimin e përbashkët me Grupin e punës për reformën e sistemit të financimit shtetëror të organizatave civile, pas së cilës janë propozuar propozimet për dy kapituj të ri: Mbështetja shtetërore e organizatave dhe Fondi për mbështetje dhe zhvillim i shoqërisë civile, janë

[3] Степенот на спроведување на активностите е претставен преку една од следните три категории: активноста е реализирана (активноста е започната и завршена во временската рамка за спроведување на Акцискиот план 2022-2024 година), активноста е во тек (активноста е започната и/или постигнати се дел од утврдените индикатори) и активноста доцни со реализација (активноста не е започната, иако согласно временската рамка требало да започне во 2022 или 2023 година).

Shkalla e zbatimit të aktiviteteve paraqitet nëpërmjet njërës nga tre kategoritë e mëposhtme: aktiviteti është realizuar (aktiviteti ka filluar dhe ka përfunduar brenda afatit kohor për zbatimin e Planit të veprimit 2022-2024), aktiviteti është në rrjedhë (aktiviteti ka filluar dhe/ose janë arritur një pjesë e treguesve të përcaktuar) dhe aktiviteti është me vonesë në realizim (aktiviteti nuk ka filluar, megjithëse sipas afatit kohor duhet të kishte filluar në vitin 2022 ose 2023).

општество, беа инкорпорирани во Предлогот на закон за здруженија и фондации.

Советот за соработка меѓу Владата и граѓанското општество не одржа седници во 2023 година, поради бојкот на членовите на Советот од редот на граѓанските организации што започна во март 2022 година. Во ноември 2023 година се одржа дебата на тема „Структуриран и одржлив дијалог меѓу граѓанските организации и институциите", на која 70 претставници на граѓанските организации разменија ставови и мислења за надминување на предизвикот во функционирањето на Советот.

Во рамките на проектот „Техничка поддршка за унапредување на овозможувачката средина за граѓанските организации во Република Северна Македонија" подготвени се неколку анализи поврзани со даночниот третман на граѓанските организации, економски активности и сметководство на непрофитните организации (Извештај од консултативен состанок за даночен третман на граѓанските организации; Извештај за правната рамка која им овозможува на граѓанските организации да се вклучат во економски активности; Анализа и предлози поврзани со правната рамка за сметководство за граѓанските организации во Република Северна Македонија и Граѓанските организации како работодавачи – справување со клучните предизвици во законодавството).

**Приоритетна област 2: Демократизација, активно учество на граѓанскиот сектор во општествените процеси, во креирањето и следењето на политиките, со посебен фокус на процесот на интеграција во Европската Унија**

Согласно воспоставениот механизам за подготовка на годишни извештаи, Владата на Република Северна Македонија на 180. седница на одржана на 22.8.2023 година, го разгледа

inkorporuar në Propozim Ligjin e Shoqatave dhe Fondacioneve.

Këshilli për bashkëpunim ndërmjet Qeverisë dhe Shoqërisë Civile nuk ka mbajtur seanca në vitin 2023, për shkak të bojkotit të anëtarëve të Këshillit nga radhët e organizatave civile që filloi në mars të vitit 2022. Në nëntor 2023 u mbajt debati me temën "Dialog i strukturuar dhe i qëndrueshëm ndërmjet organizatave civile dhe institucioneve", në të cilin 70 përfaqësues të organizatave civile shkëmbyen qëndrime dhe mendime për tejkalimin e sfidës në funksionimin e Këshillit.

Në kuadër të projektit "Përkrahje teknike për përmirësimin e mjedisit të favorshëm për organizatat civile në Republikën e Maqedonisë së Veriut", janë përgatitur disa analiza lidhur me trajtimin tatimor të organizatave civile, aktivitetet ekonomike dhe kontabilitetin e organizatave jofitimprurëse (Raport nga takimi konsultativ për trajtimin tatimor të organizatave civile; Raport për kornizën ligjore që u mundëson organizatave civile të përfshihen në aktivitete ekonomike; Analiza dhe propozime lidhur me kornizën ligjore për kontabilitetin e organizatave në Republikën e Maqedonisë së Veriut dhe Organizatave civile si punëdhënëse - ballafaqimi me sfidat kryesore në legjislacion).

**Fusha prioritare 2: Demokratizimi, pjesëmarrja aktive e sektorit civil në proceset sociale, në krijimin dhe ndjekjen e politikave, me fokus të veçantë në procesin e integrimit në Bashkimin Evropian.**

Në përputhje me mekanizmin e vendosur për përgatitjen e raporteve vjetore, Qeveria e Republikës së Maqedonisë së Veriut, në seancën e 180-të të mbajtur më 22.8.2023, e shqyrtoi Raportin

Извештајот за процесот на консултации при подготовка на предлози на закони, користење на ЕНЕР и други механизми за соработка со граѓанските организации во 2022 година, подготвен од Генералниот секретаријат.

На 11.5.2023 година се одржа дискусија со фокус група „Учество на граѓанските организации и граѓаните во процесот на креирање политики“ и подготвен е Извештај за клучни механизми за учество на граѓанските организации во процесите на одлучување во Северна Македонија.

Секретаријатот за европски прашања на 28.3.2023 година организираше конференција на тема „Граѓанските организации - катализатори на европската интеграција на Северна Македонија“ на која беа презентирани моделите за учество на граѓанските организации во преговорите со Европската Унија, а на 21.12.2023 година одржа консултации со граѓанските организации за обезбедување на квалитетни патокази за Владеење на правото и Реформа во јавната администрација, како и за Реформската агенда со која ќе се обезбеди максимално искористување на средствата од Планот за раст за Западен Балкан.

Врз основа на online-анкета во март 2023 година, со учество на 117 граѓански организации, подготвен е Извештај од анкета за идентификување на мрежи на граѓански организации – 2023, а на веб-страницата на Граѓанскиот ресурсен центар формирана е јавно достапна база на мрежи на граѓански организации (Адресар од мрежи на граѓански организации).

Министерството за внатрешни работи продолжи со активности за воспоставување превентивен механизам против говор на омраза. Во 2023 година, од страна на полициски службеници спроведени се 229 едукативни предавања за превенирање на говор од омраза во средни и основни училишта во државата,

për procesin e konsultimit në përgatitjen e propozim-ligjeve, përdorimin e RVEN-it dhe mekanizmave të tjerë për bashkëpunim me organizatat civile në vitin 2022, përgatitur nga Sekretariati i Përgjithshëm

Më 11.5.2023 u mbajt diskutim me fokus grupi “Pjesëmarrja e organizatave civile dhe qytetarëve në procesin e krijimit të politikave” dhe është përgatitur Raporti për mekanizmat kyçe për pjesëmarrjen e organizatave civile në proceset vendimmarrëse në Maqedoninë e Veriut.

Sekretariati për Çështje Evropiane më 28.3.2023, organizoi konferencë me temën “Organizatat civile – katalizatorë të integrimit evropian të Maqedonisë së Veriut” ku u prezantuan modelet për pjesëmarrjen e organizatave civile në negociatat me Bashkimin Evropian dhe më 21.12.2023 u zhvilluan konsultime me organizatat civile për sigurimin e udhërrëfyesve cilësorë për Sundimin e të drejtës dhe Reformën në administratën publike, si dhe për Agjendën e Reformës, e cila do të sigurojë shfrytëzimin maksimal të fondeve nga Plani i Rritjes për Ballkanin Perëndimor.

Në bazë të anketës online në mars 2023, me pjesëmarrjen e 117 organizatave civile, u përgatit Raport i anketës për identifikimin e rrjeteve të organizatave civile - 2023 dhe në faqen e ueb-it të Qendrës Burimore Civile, është formuar bazë e të dhënave e aksesueshme për publikun e rrjeteve të organizatave civile (Regjistër i rrjeteve të organizatave civile).

Ministria e Punëve të Brendshme ka vazhduar me aktivitetet për krijimin e mekanizmit parandalues kundër gjuhës së urrejtjes. Në vitin 2023, nëpunësit policorë kanë mbajtur 229 ligjërata edukative për parandalimin e gjuhës së urrejtjes në shkollat e mesme dhe fillore në vend, trajnimin e zbatuar të 29 nëpunësve policorë me

спроведена е обука на 29 полициски службеници на тема Без омраза – No hate и системска обука на 73 полициски службеници во делот на говор на омраза и криминалитет од омраза, нивна проактивна улога во делот на следењето на говорот на омраза и социјалните медиуми и навремена реакција и пријавување на вакви дела.

temën Jo urrejtje - No hate dhe trajnimin sistematik të 73 nëpunësve policorë në pjesën e gjuhës së urrejtjes dhe krimit nga urrejtja, rolin e tyre proaktiv në pjesën e monitorimit të gjuhës së urrejtjes dhe mediave sociale dhe reagimin dhe paraqitjen në kohë të veprave të tilla.

**Приоритетна област 3: Граѓанскиот сектор како чинител во социјално-економскиот развој**

Работната група за политика и правна рамка за социјално претприемништво, формирана од Министерството за труд и социјална политика, со поддршка на проектот „Поддршка на социјалните претпријатија" подготви Предлог на закон за социјални претпријатија. По спроведен консултативен процес (две дискусии со претставници на органите на државна управа и со граѓански организации и академската заедница и три јавни расправи во Скопје, Битола и Штип) и објава на ЕНЕР, на крајот на ноември 2023 година предлогот на закон е доставен во владина постапка.

Во 2023 година Министерството за труд и социјална политика склучи 34 управни договори со лиценцирани даватели на социјални услуги. По спроведено истражување (прашалник дистрибуиран до граѓански организации) подготвен е документ „Граѓанските организации како работодавачи – справување со клучните предизвици во законодавството". На 5.12.2023 година, во Ресурсниот центар во Штип се одржа дебата „Култура на волонтирање – реалност или предизвик".

Работната група за изработка на Закон за изменување и дополнување на Законот за донации и спонзорства во јавните дејности ја интензивираше својата работа во 2023 година, по одржани 4 состаноци, подготвен е Предлогот

**Fusha prioritare 3: Sektori civil si faktor në zhvillimin social-ekonomik**

Grupi i punës për politika dhe kornizë ligjore për ndërmarrësi sociale, i formuar nga Ministria e Punës dhe Politikës Sociale, me mbështetjen e projektit "Mbështetje për Ndërmarrjet Sociale" përgatiti Propozim ligjin e Ndërmarrjeve Sociale. Pas një procesi konsultativ të zbatuar (dy diskutime me përfaqësues të organeve të administratës shtetërore dhe me organizatat civile dhe komunitetin akademik dhe tre diskutime publike në Shkup, Manastir dhe Shtip) dhe njoftim nga RVEN-i, në fund të nëntorit 2023 propozim ligji u dorëzua në procedurë qeveritare.

Në vitin 2023, Ministria e Punës dhe Politikës Sociale ka lidhur 34 kontrata administrative me ofrues të licencuar të shërbimeve sociale. Pas hulumtimit të zbatuar (pyetësori i shpërndarë organizatave civile), u përgatit dokumenti "Organizatat e civile si punëdhënës - që kanë të bëjnë me sfidat kryesore në legjislacion". Më 5.12.2023, në Qendrën Burimore në Shtip u mbajt debati "Kultura për vullnetarizëm – realitet apo sfidë".

Grupi i punës për përpilimin e Ligjit për ndryshimin dhe plotësimin e Ligjit për Donacione dhe Sponsorizime në Veprimtaritë Publike ka intensifikuar punën e tij në vitin 2023, pas 4 takimeve të realizuara, është përgatitur Propozim

на закон за даночните поттикнувања за донации и спонзорства во активностите од јавен интерес, што е доставен на мислење на надлежните институции и е објавен за консултации на Единствениот електронски регистар на прописи (ЕНЕР).

ligji për Stimulimet Tatimore për Donacionet dhe Sponsorizimet në Aktivitetet me Interes Publik, që është dorëzuar për mendim në institucionet kompetente dhe është publikuar për konsultim në Regjistrin e Vetëm Elektronik të Rregulloreve (RVEN).

## 3. Преглед на постигнати резултати по приоритетни области

## 3. Pasqyrë e rezultateve të arritura ndaj fushave prioritare

### Приоритетна област 1: Нормативна, институционална и финансиска рамка за развој на граѓанското општество

### Fusha prioritare 1: Kuadri normativ, institucional dhe financiar për zhvillimin e shoqërisë civile

Во првата приоритетна област содржани се 27 активности, од кои 24 активности се предвидени за 2022 година и 3 активности за 2023 година: реализирани се 8 (30,77%) активности, 12 (46,15%) се во тек, а 6 (23,08%) активности доцнат со реализација.

Në fushën prioritare të parë janë të përfshirë 27 aktivitete, nga të cilat 24 aktivitete janë parapaрë për vitin 2022 dhe 3 aktivitete për vitin 2023: 8 (30,77%) janë realizuar, 12 (46,15%) janë në rrjedhë, dhe 6 (23,08%) aktivitete janë me vonesë në realizim.




**Стратешка цел 1: Унапредување на правната рамка за граѓанските организации**

Оперативна цел 1: Унапредување на правната рамка за здруженија и фондации која обезбедува гаранции за остварување на

**Qëllimi strategjik 1: Avancimi i kornizës ligjore për organizatat civile**

Qëllimi operativ 1: Avancimi i kornizës ligjore për shoqatat dhe fondacionet që sigurojnë garanci për realizimin e të drejtës për lirinë e bashkimit në përputhje me standardet ndërkombëtare

правото на слобода на здружување во согласност со меѓународните стандарди

Работната група за изработка на Закон за изменување и дополнување на Законот за здруженија и фондации, координирана од Министерството за правда, со вклучени претставници на Генералниот секретаријат на Владата, Министерството за труд и социјална политика, Министерството за финансии, Централниот регистар на Република Северна Македонија и граѓански организации, во 2023 година одржа 4 состаноци, вклучително и заеднички состанок со Работната група за реформа на системот на државно финансирање на граѓанските организации, по што предлозите за две нови глави: Државна поддршка на организациите и Фонд за поддршка и развој на граѓанското општество, беа инкорпорирани во Предлогот на закон за здруженија и фондации. Се очекува предлогот на закон да биде објавен на Единствениот електронски регистар на прописи (ЕНЕР) во март 2024 година.

Grupi i punës për përgatitjen e Ligjit për ndryshimin dhe plotësimin e Ligjit për Shoqatat dhe Fondacionet, i koordinuar nga Ministria e Drejtësisë, me përfaqësues të përfshirë të Sekretariatit të Përgjithshëm të Qeverisë, Ministrisë së Punës dhe Politikës Sociale, Ministrisë së Financave, Regjistrit Qendror të Republikës së Maqedonisë së Veriut dhe organizatat civile, në vitin 2023 kanë mbajtur 4 takime, duke përfshirë edhe takimin e përbashkët me Grupin e punës për Reformën e Sistemit të Financimit Shtetëror të Organizatave Civile, pas së cilës janë paraqitur propozimet për dy kapituj të ri: Mbështetja Shtetërore e Organizatave dhe Fondi për Mbështetjen dhe Zhvillimin e Shoqërisë Civile, janë inkorporuar në Propozim ligjin për Shoqatat dhe Fondacionet. Propozim ligji pritet të publikohet në Regjistrin e Vetëm Elektronik të Rregullave (RVEN) në mars 2024.

**Стратешка цел 2: Зајакнување на институционалната рамка и практиките на соработка помеѓу Владата на Република Северна Македонија, органите на државната управа и граѓанските организации**

Оперативна цел 3: Континуирано работење на независен, репрезентативен, оперативен и ефективен Совет за соработка меѓу Владата и граѓанското општество

Според анкетата за мерење на вредноста на индикаторите од Акцискиот план на Стратегијата, 39,1% од граѓанските организации го препознаваат Советот за соработка меѓу Владата и граѓанското општество како релевантно тело за соработка и влијание во креирање на политики за развој на граѓанското општество, што претставува намалување за 11,2% споредено со 2022 година (50,3%). Советот за соработка меѓу Владата и граѓанското

**Qëllimi strategjik 2: Përforcimi i kornizës institucionale dhe praktikave të bashkëpunimit ndërmjet Qeverisë së Republikës së Maqedonisë së Veriut, organeve të administratës shtetërore dhe organizatave civile**

Qëllimi operativ 3: Funksionimi i vazhdueshëm i Këshillit të pavarur, përfaqësues, operativ dhe efektiv për bashkëpunim ndërmjet Qeverisë dhe shoqërisë civile

Sipas anketës për matjen e vlerës së treguesve nga Plani i veprimit të Strategjisë, 39,1% e organizatave civile e njohin Këshillin për Bashkëpunim ndërmjet Qeverisë dhe Shoqërisë Civile si trup relevant për bashkëpunim dhe ndikim në krijimin e politikave për zhvillim të shoqërisë civile, që paraqet ulje me 11.2% krahasuar me vitin 2022 (50.3%). Këshilli për bashkëpunim ndërmjet Qeverisë dhe Shoqërisë Civile nuk ka mbajtur seanca në vitin 2023, për shkak të bojkotit

општество не одржа седници во 2023 година, поради бојкот на членовите на Советот од редот на граѓанските организации, што започна во март 2022 година.

Во соработка со Граѓанскиот ресурсен центар, во периодот 14-16.3.2023 година, во Гостивар, Скопје и Штип, се одржаа три консултативни средби за Нацрт-Извештајот за напредокот во спроведувањето на Акцискиот план за спроведување на Стратегијата на Владата на Република Северна Македонија за соработка со и развој на граѓанското општество 2022 – 2024 и постигнување на стратешките и оперативните цели во 2022 година, со учество на повеќе од 70 претставници на граѓански организации. Поголем дел од учесниците на консултативните средби во Гостивар и Штип немаа информации за постоење на Совет за соработка меѓу Владата и граѓанското општество, но оценија дека е важно нивните ставови да бидат застапувани во советодавно тело на Владата кое ќе влијание во креирање на политиките за развој на граѓанското општество.

На 3.11.2023 година во просториите на Граѓанскиот ресурсен центар во Скопје се одржа дебата на тема „Структуриран и одржлив дијалог меѓу граѓанските организации и институциите"[4] со учество на 70 претставници на граѓанските организации. На дебатата беа споделени и регионални искуствата од функционирањето на вакви механизми и тела за дијалог меѓу граѓанските организации и институциите (Националниот совет за граѓанско општество во Албанија и Советот за соработка меѓу органите на државната управа и невладините организации во Црна Гора). Во дискусијата, претставниците на граѓанските организации ги дадоа своите ставови и мислења за надминување на предизвикот во

të anëtarëve të Këshillit nga radhët e organizatave civile, i cili filloi në mars të vitit 2022.

Në bashkëpunim me Qendrën Burimore Civile, në periudhën 14-16.3.2023, në Gostivar, Shkup dhe Shtip, janë mbajtur tri takime konsultative për Draft Raportin për progresin në zbatimin e Planit të veprimit për zbatimin e Strategjisë së Qeveria e Republikës së Maqedonisë së Veriut për bashkëpunim me dhe zhvillim të shoqërisë civile 2022-2024 dhe arritjen e qëllimeve strategjike dhe operative në vitin 2022, me pjesëmarrjen e më shumë se 70 përfaqësuesve të organizatave civile. Pjesa më e madhe e pjesëmarrësve në takimet konsultative në Gostivar dhe Shtip nuk kishin informacione për ekzistimin e Këshillit për Bashkëpunim ndërmjet Qeverisë dhe shoqërisë civile, por e konsideruan të rëndësishme që pikëpamjet e tyre të përfaqësohen në trupin këshillues të Qeverisë që do të ndikojë në krijimin e politikave për zhvillimin e shoqërisë civile.

Më 3.11.2023, në hapësirat e Qendrës Burimore Civile në Shkup u mbajt debat me temë "Dialog i strukturuar dhe i qëndrueshëm ndërmjet organizatave civile dhe institucioneve"[4] me pjesëmarrjen e 70 përfaqësuesve të organizatave civile. Në debat u ndanë edhe përvojat rajonale nga funksionimi i mekanizmave dhe trupave të tilla për dialogun ndërmjet organizatave civile dhe institucioneve (Këshilli Kombëtar për Shoqërinë Civile në Shqipëri dhe Këshilli për Bashkëpunim ndërmjet Organeve të Administratës Shtetërore dhe Organizatave Joqeveritare në Mal të Zi). Në diskutim përfaqësuesit e organizatave civile dhanë qëndrimet dhe mendimet e tyre për tejkalimin e sfidës në funksionimin e Këshillit për Bashkëpunim në mes të Qeverisë dhe shoqërisë civile.

[4] https://rcgo.mk/vesti/organizaciite-povikaa-na-vrakjanje-na-funkcionalnosta-na-sovetot-za-sorabotka-megu-vladata-i-graganskoto-opshtestvo/

функционирањето на Советот за соработка меѓу Владата и граѓанското општество.

Оперативна цел 4: Унапредување на знаењата и капацитетите на Мрежата на државни службеници за соработка со граѓанското општество

На 17.1.2023 година Генералниот секретаријат на Владата - организациона единица за соработка со граѓански организации, во соработка со проектот „Техничка поддршка за унапредување на овозможувачката средина за граѓанските организации во Република Северна Македонија", финансиран од Европската унија, организирање работилница за членовите на Мрежата на државни службеници за соработка со граѓанскиот сектор за подготовка на годишниот извештај за спроведување на Стратегијата, согласно Упатството за структурата, содржината и начинот на подготвување, спроведување, следење, известување и оценување на секторските и мултисекторските стратегии[5]. Во декември 2023 година се одржаа посебни состаноци со членови на Мрежата од Министерството за финансии, Министерството за труд и социјална заштита и Министерството за локална самоуправа во врска со степенот на реализација на активностите од Акцискиот план во надлежност на овие министерства.

Според анкетата за мерење на вредноста на индикаторите од Акцискиот план на Стратегијата, 47% од членовите на Мрежата на државни службеници за соработка со граѓанското општество се задоволни, а 33% се делумно задоволни од соработката и стекнатите знаења.

Qëllimi operativ 4: Avancimi i njohurive dhe kapaciteteve të Rrjetit të nëpunësve shtetëror për bashkëpunim me shoqërinë civile

Më 17.1.2023, Sekretariati i Përgjithshëm i Qeverisë – Njësia Organizative për Bashkëpunim me Organizatat Civile, në bashkëpunim me projektin "Përkrahje teknike për përmirësimin e mjedisit të favorshëm për organizatat civile në Republikën e Maqedonisë së Veriut", financuar nga Bashkimi Evropian, organizoi punëtori për anëtarët e Rrjetit të nëpunësve shtetëror për bashkëpunim me sektorin civil për përgatitjen e raportit vjetor për zbatimin e Strategjisë, në përputhje me Udhëzimet për strukturën, përmbajtjen dhe mënyrën e përgatitjes, zbatimin, ndjekjes, njoftimit dhe vlerësimit të strategjive sektoriale dhe multisektoriale. Në dhjetor 2023 janë mbajtur takime të veçanta me anëtarë të Rrjetit nga Ministria e Financave, Ministria e Punës dhe Mbrojtjes Sociale dhe Ministria e Vetëqeverisjes Lokale lidhur me nivelin e realizimit të aktiviteteve të Planit të Veprimit nën kompetencën e këtyre ministrive.

Sipas anketës për matjen e vlerës së treguesve nga Plani i veprimit të Strategjisë, 47% e anëtarëve të Rrjetit të nëpunësve shtetërorë për bashkëpunim me shoqërinë civile janë të kënaqur dhe 33% janë pjesërisht të kënaqur nga bashkëpunimi dhe njohuritë e marra.

[5] „Службен весник на РСМ" бр.122/22
" Gazeta Zyrtare e RMV-së" nr.122/22

**Стратешка цел 3: Воспоставување даночна рамка којашто одговара на спецификите на работењето на граѓанските организации и го овозможува нивниот развој**

<u>Оперативна цел 5: Унапредување на даночната рамка од аспект на данокот на додадена вредност согласно идентификуваните развојни потреби на граѓанските организации</u>

Според анкетата за мерење на вредноста на индикаторите од Акцискиот план на Стратегијата, само 17,2% од граѓанските организации користеле даночни олеснувања во 2023 година, што е идентично со податоците за 2022 година. Во рамките на проектот „Техничка поддршка за подобрување на овозможувачката средина за граѓанските организации во Република Северна Македонија“, финансиран од Европската Унија, на 28.2.2023 година се одржа Консултативен состанок за даночен третман на граѓанските организации, на кој беше презентиран компаративен преглед на практики од земјите членки на Европската унија и Република Северна Македонија за данокот на доход, данокот на додадена вредност (ДДВ) и даночен третман на филантропското давање. Во извештајот од консултативниот состанок се препорачува даночната рамка да ги одразува спецификите на работењето на граѓанските организации, различна од онаа на комерцијалните субјекти, да се препознае работењето на граѓанските организации во поширок јавен интерес и да се обезбеди даночни стимулации за донаторите на граѓанските организации. Во рамките на истиот проект подготвен е Извештај за правната рамка која им овозможува на граѓанските организации да се вклучат во економски активности, кој содржи преглед на законско регулирање на економските активности на граѓанските организации во земјите на ЕУ, на правната рамка за економски активности на граѓанските организации во Република Северна Македонија, заклучоци и препораки. Според

**Qëllimi strategjik 3: Vendosja e kornizës tatimore që korrespondon me specifikat e punës së organizatave civile dhe mundëson zhvillimin e tyre**

<u>Qëllimi operativ 5: Avancimi i kornizës tatimore nga aspekti i tatimit mbi vlerën e shtuar në përputhje me nevojat e identifikuara zhvillimore të organizatave civile</u>

Sipas anketës për matjen e vlerës së treguesve nga Plani i veprimit të Strategjisë, vetëm 17.2% e organizatave civile kanë përdorur lehtësime tatimore në vitin 2023, që është identike me të dhënat për vitin 2022. Në kuadër të projektit “Përkrahje teknike për përmirësimin e mjedisit të favorshëm për organizatat civile në Republikën e Maqedonisë së Veriut”, financuar nga Bashkimi Evropian, më 28.2.2023 është mbajtur takimi Konsultativ për trajtimin tatimor të organizatave civile, në të cilën u prezantua rishikim krahasues i praktikave nga shtetet anëtare të Bashkimit Evropian dhe Republikës së Maqedonisë së Veriut për tatimin mbi të ardhurat, tatimin mbi vlerën e shtuar (TVSH) dhe trajtimin tatimor të dhënies filantropike. Në raportin nga takimi konsultativ, rekomandohet që kuadri tatimor të pasqyrojë specifikat e funksionimit të organizatave civile, të ndryshme nga ato të subjekteve tregtare, të njohë funksionimin e organizatave civile në interes të gjerë publik dhe të sigurojë stimuj tatimor për donatorët e organizatave civile. Në kuadër të të njëjtit projekt është përgatitur edhe Raport mbi kornizën ligjore që mundëson organizatave civile të përfshihen në aktivitete ekonomike, i cili përmban pasqyrë të rregullimit ligjor të aktiviteteve ekonomike të organizatave civile në vendet e BE-së, kornizës ligjore për aktivitetet ekonomike të organizatave civile në Republikën e Maqedonisë së Veriut, konkluzione dhe rekomandime. Sipas Ministrisë së Financave, realizimi i masës është i papranueshëm dhe bie ndesh me direktivat e BE-së, pasi rritja e listës së të mirave që do të liroheshin nga TVSH-ja cenon neutralitetin e këtij tatimi, ushtron presion për

Министерството за финансии, реализација на мерката е неприфатлива и е во спротивност со Директивите на ЕУ, бидејќи зголемувањето на листата на добра кои би се ослободиле од ДДВ ја нарушува неутралноста на овој данок, врши притисок врз зголемување на висината на општата стапка на ДДВ и ќе предизвика негативни фискални импликации врз Буџетот на Република Северна Македонија.

Оперативни цели 6 и 7: Унапредување на транспарентноста на финансиските активности на граѓанските организации и Подготовка на подобрена законска и подзаконска рамка за сметководството на непрофитните организации

обвинителство-Одделението за гонење кривични дела, додека за 12 полициски службеници поднесен е Предлог за поведување на постапка за кршење на работниот ред и дисциплина, поради пречекорување на полициските овластувања и прекумерна употреба на физичка сила. До Народниот правобранител поднесени се 11 претставки кои се однесуваат за пречекорување на полициските овластувања и прекумерна употреба на физичка сила на полициски службеници и за сите се доставени одговори до Народниот правобранител од надлежните организациски единици во Министерството за внатрешни работи.

Активности за ревидирање на постојната, односно донесување на нова законска и подзаконска регулатива во рамки на предметната област не се започнати.

<u>Оперативна цел 17: Унапредување на законската рамка која се однесува на непосредно учество на граѓаните во одлучувањето</u>

Активностите во оваа оперативна цел се планирани за 2024 година.

për ndjekjen e veprave penale, ndërsa për 12 nëpunës policorë është parashtruar Propozim për ngrtijen e procedurës për shkelje të rendit dhe disiplinës së punës, për shkak të tejkalimit të autorizimeve policore dhe përdorimit të tepruar të forcës fizike. Deri te Avokatit të Popullit i janë dorëzuar 11 parashtresa që i referohen tejkalimit të autorizimeve policore dhe përdorim të tepruar të forcës fizike nga nëpunësit policorë, dhe për të gjitha janë dorëzuar përgjigje deri te Avokati i Popullit nga njësitë kompetente organizative në Ministrinë e Punëve të Brendshme.

Aktivitetet për rishikimin e rregullativës ekzistuese, përkatësisht miratimin e rregullativës së re ligjore dhe nënligjore në suaza të fushës së lëndës nuk kanë filluar.

<u>Qëllimi Operativ 17: Avancimi i kornizës ligjor që i referohet pjesëmarrjes së drejtpërdrejtë të qytetarëve në vendimmarrje</u>

Aktivitetet në këtë qëllim operativ janë planifikuar për vitin 2024.

## Приоритетна област 3: Граѓанскиот сектор како чинител во социјално-економскиот развој

## Fusha prioritare 3: Sektori civil si faktor në zhvillimin social-ekonomik

Во третата приоритетна област содржани се 23 активности, од кои 14 се планирани за 2022 година и 7 за 2023 година: 11 активности (52,38%) се реализирани, 5 активности (23,81%) се во тек, а 5 активности (23,81%) доцнат со реализација.

Në fushën e tretë prioritare janë mbajtur 23 aktivitete, nga të cilat 14 janë planifikuar për vitin 2022 dhe 7 për vitin 2023: 11 aktivitete (52,38%) janë realizuar, 5 aktivitete (23.81%) janë në rrjedhë dhe 5 aktivitete (23,81%) janë me vonesë në realizim.




**Стратешка цел 8: Развој на социјално претприемништво**

<u>Оперативна цел 18: Создавање на поттикнувачко правно окружување за социјално претприемништво</u>

Работната група за политика и правна рамка за социјално претприемништво, формирана од Министерството за труд и социјална политика, со поддршка на проектот „Поддршка на социјалните претпријатија“ финансиран од ЕУ, подготви Предлог на закон за социјални претпријатија. На 1 и 2.11.2023 година во Скопје се одржаа дискусија и расправа по текстот на предлогот на закон со претставници на органите на државна управа, односно со претставници на граѓански организации и академската заедница. Предлогот на закон за социјални претпријатија е објавен на ЕНЕР на 6.11.2023 година и се одржаа три јавни расправи во Скопје, Битола и Штип (10, 15 и 17.11.2023 година), по што на крајот на ноември 2023 година е доставен во владина постапка.

<u>Оперативна цел 19: Промоција, градење на капацитетите и обезбедување финансиска помош за граѓанските организации за развој на социјално претприемништво</u>

Активностите во оваа оперативна цел се спроведени во 2022 година.

**Qëllimi strategjik 8: Zhvillimi i sipërmarrjes sociale**

<u>Qëllimi operativ 18: Krijimi i mjedisi ligjor nxitës për sipërmarrjen sociale</u>

Grupi i punës për politikat dhe kornizën ligjore për Ndërmarrësi Sociale, i formuar nga Ministria e Punës dhe Politikës Sociale, me mbështetjen e projektit “Mbështetje për Ndërmarrjet Sociale” të financuar nga BE-ja, përgatiti Propozim - ligj për Ndërmarrjet Sociale. Më 1 dhe 2.11.2023, në Shkup është mbajtur diskutim dhe debat për tekstin e propozim - ligjit me përfaqësues të organeve të administratës shtetërore, përkatësisht me përfaqësues të organizatave civile dhe bashkësisë akademike. Propozim - ligji për ndërmarrjet sociale është publikuar në ENER më 6.11.2023 dhe janë mbajtur tri debate publike në Shkup, Manastir dhe Shtip (10, 15 dhe 17.11.2023), ku në fund të nëntorit 2023 është dorëzuar në procedurë qeveritare.

<u>Qëllimi operativ 19: Promovimi, ngritja e kapaciteteve dhe ofrimi i ndihmës financiare për organizatat civile për zhvillimin e sipërmarrjes sociale</u>

Aktivitetet në këtë qëllim operativ janë zbatuar në vitin 2022.

**Стратешка цел 9: Препознавање на спецификите на граѓанските организации како работодавач**

Оперативна цел 20: Препознавање на спецификите на граѓанските организации како работодавач во правната регулатива, оперативните програми и социјалниот дијалог

Според анкетата за мерење на вредноста на индикаторите од Акцискиот план на Стратегијата, 14 граѓански организации (7,3%) од вкупно 192 анкетирани, во 2023 година биле корисници на активни програми и мерки за вработување. Во рамките на проектот Техничка поддршка за подобрување на овозможувачката средина за граѓанските организации во Република Северна Македонија, финансиран од ЕУ, по спроведено истражување (прашалник дистрибуиран до граѓански организации) подготвен е документ „Граѓанските организации како работодавачи – справување со клучните предизвици во законодавството" кој содржи општ преглед на правната рамка, клучни области кои можат да ја подобрат позицијата на граѓанските организации како работодавачи и план за консултации кој ги вклучува сите релевантни чинители во процесот на изнаоѓање на најдобри решенија за подобрување на позицијата на граѓанските организации како работодавачи.

**Qëllimi strategjik 9: Njohja e specifikave të organizatave civile si punëdhënës**

Qëllimi operativ 20: Njohja e specifikave të organizatave civile si punëdhënës në rregullativën ligjore, programet operative dhe dialogun social

Sipas anketës për matjen e vlerës së treguesve nga Plani i veprimit të Strategjisë, 14 organizata civile (7,3%) nga gjithsej 192 të anketuara, në vitin 2023 kanë qenë përdorues të programeve dhe masave aktive për punësim. Në kuadër të projektit Mbështetje teknike për përmirësimin e mjedisit të favorshëm për organizatat civile në Republikën e Maqedonisë së Veriut, financuar nga BE-ja, pas hulumtimit të zbatuar (pyetësor i shpërndarë organizatave civile) u përgatit dokumenti "Organizatat civile si punëdhënës – ballafaqimi me sfidat kryesore në legjislacion", i cili përmban pasqyrë të përgjithshme të kornizës ligjore, fushave kyçe që mund të përmirësojnë pozitën e organizatave civile si punëdhënës dhe plani për konsultim që përfshin të gjithë faktorët relevant në procesin e gjetjes së zgjidhjeve më të mira për përmirësimin e pozitës së organizatave civile si punëdhënës.

**Стратешка цел 10: Промовирање и развој на волонтерството**

Оперативни цели 21 и 22: Подобрување на правната рамка за промовирање и развој на волонтерството; Поттикнување на волонтерски активности и финансиска поддршка за граѓанските организации кои го промовираат волонтерството

Според анкетата за мерење на вредноста на индикаторите од Акцискиот план на Стратегијата, 55,2%% од граѓанските организации имаат ангажирано волонтери (од

**Qëllimi strategjik 10: Promovimi dhe zhvillimi i vullnetarizmit**

Qëllimet operative 21 dhe 22: Përmirësimi i kornizës ligjore për promovimin dhe zhvillimin e vullnetarizmit; Nxitja e aktiviteteve vullnetare dhe mbështetja financiare për organizatat civile që e promovojnë vullnetarizmin

Sipas anketës për matjen e vlerës së treguesve nga Plani i veprimit të Strategjisë, 55.2% e organizatave civile kanë angazhuar vullnetarë (31.8% prej tyre kanë angazhuar deri në 5

нив 31,8% ангажирале до 5 волонтери, 9,9% ангажирале од 6 до 10 волонтери, 6,3% ангажирале од 11 до 20 волонтери, а 7,3% ангажирале повеќе од 20 волонтери). На 5.12.2023 година, во Ресурсниот центар во Штип се одржа дебата „Култура на волонтирање – реалност или предизвик“. На настанот организиран во рамките на проектот „ЕУ поддршка на Граѓанскиот ресурсен центар – фаза 2“ повеќе од 80 претставници на граѓански организации и млади имаа можност да дебатираат за состојбата, но и како да се подобри културата на волонтирање во државата. Во дискусијата се констатираше дека законската рамка за волонтирање во државата ги има основните предуслови за непречено волонтирање на сите заинтересирани поединци и субјекти кои имаат интерес да вклучат волонтери, но за интензивирање на културата на волонтирање потребно е проактивна улога од страна на здруженијата на граѓани на локално ниво, институциите, стопанските субјекти, училиштата и секако соодветна мотивација на сите заинтересирани лица да имаат интерес да волонтираат во заедницата во која делуваат[14].

**Стратешка цел 11: Поттикнување на граѓаните и деловниот сектор за поддршка и придонес за развој на граѓанското општество**

<u>Оперативна цел 23: Унапредување на правната рамка за донации и спонзорства во јавните дејности за олеснување на донирањето кон граѓанските организации</u>

Според анкетата за мерење на вредноста на индикаторите од Акцискиот план на Стратегијата, 36,5% од граѓанските организации во 2023 година имаат добиено донација од граѓани или од деловниот сектор, од кои 75% претставуваат донации во вид на парични

vullnetarë, 9.9% kanë angazhuar nga 6 deri në 10 vullnetarë dhe 6.3%. Kanë angazhuar nga 11 deri në 20 vullnetarë, ndërsa 7,3% më shumë se 20 vullnetarë). Më 5.12.2023, në Qendrën e burimeve në Shtip u mbajt debati “Kultura e vullnetarizmit – realitet apo sfidë”. Në ngjarjen e organizuar në kuadër të projektit “ BE mbështetje e Qendrës së Burimeve civile – Faza 2”, më shumë se 80 përfaqësues të organizatave civile dhe të rinjve patën mundësinë të debatojnë për situatën, por edhe për përmirësimin e kulturës së vullnetarizmit në vend. Në diskutim u konstatua se kuadri ligjor për vullnetarizmin në vend ka parakushtet bazë për vullnetarizmin pa probleme të të gjithë individëve dhe subjekteve të interesuara që kanë interes për përfshirjen e vullnetarëve, por për të intensifikuar kulturën e vullnetarizmit duhet rol proaktiv nga shoqatat e qytetarëve në nivel lokal, institucionet, subjektet ekonomike, shkollat dhe sigurisht motivimi adekuat i të gjithë personave të interesuar për të pasur interes për të bërë vullnetarizëm në bashkësinë ku ata veprojnë14.

**Qëllimi strategjik 11: Inkurajimi i qytetarëve dhe sektorit afarist për mbështetje dhe kontribut në zhvillimin e shoqërisë qytetare.**

<u>Qëllime operative 23: Avancimi i kornizës ligjore për donacione dhe sponsorizime në aktivitete publike për të lehtësuar donacionet për organizatat civile.</u>

Sipas anketës për matjen e vlerës së treguesve nga Plani i veprimit të Strategjisë, 36.5% e organizatave civile në vitin 2023 kanë marrë donacion nga qytetarët ose nga sektori afarist, prej të cilëve 75% përfaqësojnë donacione të llojit të

[14] https://rcgo.mk/vesti/mladite-i-graganskite-organizacii-zaedno-debatiraa-za-kulturata-na-volontiranje/

средства, а 25% донации во вид на материјални добра.

Работната група за изработка на Закон за изменување и дополнување на Законот за донации и спонзорства во јавните дејности, формирана во март 2022 година и координирана од Министерството за правда, со вклучени претставници на Министерството за образование и наука, Министерството за економија, Генералниот секретаријат на Владата, Министерството за труд и социјална политика, Министерството за култура, Министерството за финансии, Управата за јавни приходи, Министерството за локална самоуправа, Министерството за животна средина и просторно планирање, претставници на граѓанските организации (Здружение Конект Скопје, Здружение за поддршка на развојот на граѓанското општество и локалните заедници ХОРУС Скопје, Македонско здружение на млади правници Скопје, Банка за Храна МК) и Американската стопанска комора во Северна Македонија, во 2023 година одржа 4 состаноци. Подготвен е Предлог на закон за даночните поттикнувања за донации и спонзорства во активностите од јавен интерес, што е доставен на мислење до надлежните институции и на 15.1.2024 година е објавен за консултации на ЕНЕР.

<u>Оперативна цел 24. Поттикнување на соработката на граѓанските организации со бизнис секторот и промовирање на филантропијата</u>

Во рамки на проектот на УСАИД „Партнерства за донирање“, Здружението Конект во партнерство со Европскиот центар за непрофитно право, Стопанската комора на Северо-Западна Македонија, Индиго и Американската стопанска комора во Северна Македонија, спроведе кампања „Денови за донирање“ во која се вклучија над 2.000 граѓани,

mjeteve në të holla, dhe 25% donacione të llojit të të mirave materiale.

Grupi i Punës për përgatitjen e ligjit për ndryshimin dhe plotësimin e Ligjit për Donacionet dhe Sponsorizimet në Veprimtaritë Publike, i formuar në mars 2022 i koordinuar nga Ministria e Drejtësisë, Ministria e Arsimit dhe Shkencës, Ministria e Ekonomisë, Sekretariati i Përgjithshëm i Qeverisë, Ministria e Punës dhe Politikës Sociale, Ministria e Kulturës, Ministria e Financave, Drejtoria e të Ardhurave Publike, Ministria e Vetëqeverisjes Lokale, Ministria e Mjedisit dhe Planifikimit Hapësinor dhe përfaqësues të organizatave civile (Shoqata Konekt Shkup, Shoqata për mbështetjen e zhvillimit të shoqërisë civile dhe komuniteteve lokale HORUS Shkup, Shoqata Maqedonase e Juristëve të Rinj Shkup, Banka e Ushqimit MK) dhe Oda Ekonomike Amerikane në Maqedoninë e Veriut, në vitin 2023 mbajtën 4 takime. Është përgatitur propozim ligji për nxitjet tatimore për Donacione dhe Sponsorizime në aktivitete me interes publik, i cili është dorëzuar për mendim në institucionet kompetente dhe më 15.1.2024 është publikuar për konsultim nga RVEN.

<u>Qëllimi operativ 24. Inkurajimi i bashkëpunimit të organizatave civile me biznes sektorin dhe promovimin e filantropisë</u>

Në kuadër të projektit të USAID-it "Partneritete për Donacion", Shoqata Konekt në partneritet me Qendrën Evropiane për të Drejtën Jofitimprurëse, Odën Ekonomike të Maqedonisë Veri-Perëndimore, Indigo dhe Odën Ekonomike Amerikane në Maqedoninë e Veriut, zbatuan fushata "Ditët e Dhurimit" në të cilën morën pjesë mbi 2000 qytetarë, organizata dhe kompani dhe

организации и компании, а на 2.12.2023 година во East Gate Mall беше отворен добротворниот базар на социјални претпријатија. Оваа кампања поддржа 31 непрофитна организација и вклучи 50 бизниси и се донираа 2.017.212 денари во финансиски средства, добра и услуги и волонтерски труд.

**Стратешка цел 12: Зголемување на учеството на граѓанските организации за обезбедување услуги за потребите на заедницата**

Оперативна цел 25: Развој на граѓанското општество на локално ниво и јакнење на соработката со граѓанските организации на локално ниво;

Според анкетата за мерење на вредноста на индикаторите од Акцискиот план на Стратегијата, 95,3% од граѓанските организации се заинтересирани и обезбедуваат услуги за потребите на заедницата на локално ниво.

Во рамките на Регионалната програма за локална демократија во Западен Балкан (фаза 1 и 2), единаесет општини имаат усвоено методологија за јавна, транспарентна и отчетна распределба на средства од општинските буџети во корист на граѓанските организации: Куманово, Гостивар, Струмица, Кавадарци, Ресен, Битола, Гевгелија, Охрид, Кочани, Крива Паланка и Велес. Куманово и Гостивар се општини кои што учествуваат и во првата и во втората фаза од Програмата. Објавени се вкупно 5 јавни повици за проекти. 75 граѓански организации се корисници на средства, согласно утврдената методологија и се реализирани 88 проекти.

Оперативна цел 26: Подобрување на условите, вклучително и капацитетите на граѓанските организации за обезбедување услуги на национално и локално ниво, со еквивалентен квалитет како и останатите даватели на услуги

më 2.12.2023 në East Gate Mall u hap bazari bamirës i ndërmarrjeve sociale. Kjo fushatë mbështeti 31 organizata jofitimprurëse dhe janë përfshirë 50 biznese dhe janë dhuruar 2.017.212 denarë në mjete financiare, mallra dhe shërbime dhe punë vullnetare.

**Qëllimi strategjik 12: Rritja e pjesëmarrjes së organizatave civile për sigurim të shërbimeve për nevojat e bashkësisë.**

Qëllime operative 25: Zhvillimi i shoqërisë civile në nivel lokal dhe forcimi i bashkëpunimit me organizatat civile në nivel lokal;

Sipas anketës për matjen e vlerës së treguesve nga Plani i veprimit të Strategjisë, 95.3% e organizatave civile janë të interesuara dhe ofrojnë shërbime për nevojat e bashkësive në nivel lokal.

Në kuadër të Programit rajonal për demokracinë lokale, (faza 1 dhe 2), 11 komuna kanë miratuar metodologjin e ndarjes publike, transparente dhe të përgjegjshme të mjeteve nga buxhetet komunale në shfrytëzim të organizatave civile: Kumanovë, Gostivar, Strumicë, Kavadar, Resnjë, Manastir, Gjevgjeli, Ohër, Koçan, Kriva Pallankë dhe Veles. Kumanova dhe Gostivari janë komuna që marrin pjesë edhe në fazën e parë dhe të dytë të Programit. Janë publikuar gjithsej 5 thirrje publike për projekte 75 organizata civile janë shfrytëzues të mjeteve, sipas metodologjisë së përcaktuar dhe janë realizuar gjithsej 68 projekte.

Qëllimi operativ 26. Përmirësimi i kushteve, duke përfshirë kapacitetet e organizatave civile për ofrimin e shërbimeve në nivel nacional dhe lokal, me cilësi të barabartë me ofruesit e tjerë të shërbimeve.

Во 2023 година Министерството за труд и социјална политика склучи 34 управни договори со лиценцирани даватели на социјални услуги согласно Методологијата за формирање на цените на услугите во зависност од нормативите и стандардите за давање на социјалната услуга („Службен весник на РСМ“ бр.264/19) и Одлуката за утврдување на цените на социјалните услуги во домот, за вон-семејна заштита, за стручна помош и поддршка, за дневен престој, за привремен престој, на советување и за одмена на семејна грижа за 2023 година, објавена на веб страната на министерството.

Në vitin 2023, Ministria e Punës dhe Politikës Sociale ka lidhur 34 kontrata administrative me ofrues të licencuar të shërbimeve sociale në përputhje me Metodologjinë për formimin e çmimeve të shërbimeve në varësi të normave dhe standardeve për ofrimin e shërbimeve sociale (“Gazeta Zyrtare e RMV” nr. 264/19 ) dhe Vendimin për përcaktimin e çmimeve të shërbimeve sociale në shtëpi, për mbrojtje jofamiljare, për ndihmë dhe mbështetje profesionale, për kujdes ditor, për qëndrim të përkohshëm, për këshillim dhe për shtyrje të përkujdesit familjar për vitin 2023, të publikuar në veb faqen e ministrisë.

## 4. Осврт на околностите и ризиците кои настанале во текот на 2023 година и препораки како да се намалат ризиците во 2024 година

## 4.Pasqyrë e rrethanave dhe rreziqeve që u shfaqën gjatë vitit 2023 dhe rekomandime për reduktimin e tyre në vitin 2024.

### 4.1. Нефункционален Совет за соработка меѓу Владата и граѓанското општество, поради бојкот на членовите од редот на граѓанските организации

### 4.1. Këshilli jofunksional për bashkëpunim ndërmjet Qeverisë dhe shoqërisë civile, për shkak të bojkotit të anëtarëve nga radhët e organizatave civile.

Спроведување на Стратегијата на Владата на Република Северна Македонија за соработка со и развој на граѓанското општество 2022-2024 во голема мера е условено од континуирано работење на независен, репрезентативен, оперативен и ефективен Совет за соработка меѓу Владата и граѓанското општество. Од 28 активности предвидени Акцискиот план што доцнат со спроведување во 2022 година, Советот за соработка меѓу Владата и граѓанското општество е носител на 9 (32%) активности, а 10 (35,7%) активности се планирани да се реализираат во соработка со Советот. Што се однесува до активностите во

Zbatimi i Strategjisë së Qeverisë së Republikës së Maqedonisë së Veriut për bashkëpunim me dhe zhvillim të shoqërisë civile 2022-2024 në masë të madhe është i kushtëzuar nga funksionimi i vazhdueshëm i Këshillit të pavarur, përfaqësues, operativ dhe efektiv për bashkëpunim ndërmjet Qeverisë dhe shoqërisë civile. Nga 28 aktivitetet e parashikuara në Planin e Veprimit të cilat janë vonuar në zbatim në vitin 2022, Këshilli për Bashkëpunim ndërmjet Qeverisë dhe Shoqërisë Civile është bartës për 9 (32%) aktivitete dhe 10 (35.7%) aktivitete janë planifikuar të realizohen në bashkëpunim me Këshillin. Sa i përket aktiviteteve në vazhdim (21), Këshilli është

тек (21), Советот е носител на 2 (9,5%) активности, односно 4 (19%) активности се планирани да се спроведат во соработка со Советот.

Во изминативе години, Советот за соработка меѓу Владата и граѓанското општество значително придонесе кон зголемување на транспарентноста на постапката и објективноста при распределбата на средствата предвидени во Буџетот на Владата на Република Северна Македонија наменети за финансирање на програмски активности на здруженија и фондации. Поради одлуката на Владата да го запре процесот на донесување на Предлог-програмата за финансирање на програмски активности на здруженијата и фондациите за 2022 година, предложена од Генералниот секретаријат и поддржана од Советот за соработка меѓу Владата и граѓанското општество и средствата за оваа намена да ги пренамени во буџетот на Министерството за политички систем и односи меѓу заедниците, членовите на Советот од редот на граѓанските организации одлучија да ја бојкотираат работата на ова советодавно тело, за што ја информираа јавноста преку прес-конференција на 24.3.2022 година.

Советот за соработка меѓу Владата и граѓанското општество е советодавно тело на Владата на Република Северна Македонија за унапредување на соработката, дијалогот и поттикнување на развојот на граѓанскиот општество, а од неговото формирање во март 2018 година претставува највисоко ниво на учество на граѓанските организации во процесот на креирање политики - партнерство меѓу Владата и граѓанските организации.

По донесување на Одлуката за критериумите и начинот на распределба и користење на средства за финансирање на програмските активности на здруженија и фондации од Буџетот на Република Северна

bartës për 2 (9.5%) aktivitete, përkatësisht 4 (19%) aktivitete janë planifikuar të realizohen në bashkëpunim me Këshillin.

Në vitet e fundit, Këshilli për bashkëpunim ndërmjet Qeverisë dhe shoqërisë civile ka kontribuar dukshëm në rritjen e transparencës së procedurës dhe objektivitetit në shpërndarjen e mjeteve të parapara në Buxhetin e Qeverisë së Republikës së Maqedonisë së Veriut të dedikuara për financimin e aktiviteteve programore të shoqatave dhe fondacioneve. Për shkak të vendimit të Qeverisë për ndërprerjen e procesit të miratimit të Propozim-Programit për financimin e aktiviteteve programore të shoqatave dhe fondacioneve për vitin 2022, i propozuar nga Sekretariati i Përgjithshëm dhe i mbështetur nga Këshilli për Bashkëpunim ndërmjet Qeverisë dhe Shoqërisë Civile, si dhe mjetet për këtë dedikim ti rialokoj n buxhetin e Ministrisë së Sistemit Politik dhe Marrëdhënieve Ndërmjet Bashkësive, anëtarët e Këshillit nga radhët e organizatave civile vendosën të bojkotojnë punën e këtij trupi këshillëdhënës, për çka e kanë njoftuar publikun nëpërmjet një konference për shtyp më 24.3.2022.

Këshilli për bashkëpunim ndërmjet Qeverisë dhe Shoqërisë Civile është trup këshillëdhënës i Qeverisë së Republikës së Maqedonisë së Veriut për avancimin e bashkëpunimit, dialogut dhe nxitjen e zhvillimit të shoqërisë civile dhe që nga themelimi i tij në mars 2018 paraqet nivelin më të lartë të pjesëmarrjes së organizatave civile në procesin e krijimit të politikave - partneritet ndërmjet Qeverisë dhe organizatave civile.

Pas sjelljes së Vendimit për kriteret dhe mënyrën e shpërndarjes dhe shfrytëzimit të mjeteve për financimin e aktiviteteve programore të shoqatave dhe fondacioneve nga Buxheti i Republikës së Maqedonisë së Veriut 15 dhe Programi për financimin e aktiviteteve

Македонија[15] и Програмата за финансирање на програмските активности на здруженијата и фондациите за 2022 година[16], на предлог на Министерството за политички систем и односи меѓу заедниците, Советот одржа итна седница на 6.10.2022 година и достави писмено барање до претседателот на Владата, првиот заменик на претседателот на Владата и министер за политички систем и односи меѓу заедниците, заменикот на претседателот на Владата за европски прашања, министерот за финансии, генералниот секретар на Владата и секретарот на Секретаријатот за законодавство, со покана да учествуваат на јавна седница на Советот со цел отворена дебата за овие прашања и предизвици.

За надминување на предизвиците и повторно воспоставување на дијалог и соработка меѓу Владата и граѓанското општество, членовите на Советот од граѓанските организации, на 30.1.2023 година доставија уште едно писмено барање за средба со претседателот на Владата на Република Северна Македонија.

Средбите сè уште не се одржани.

Во Извештајот на Европската Комисија за Северна Македонија за 2023 година е нотирано дека „Граѓанските организации треба да имаат важна улога во реформскиот процес и да бидат вклучени во процесите на донесување одлуки ... Потребно е Советот за соработка меѓу Владата и граѓанското општество да продолжи со своите активности“. На 3.11.2023 година во просториите на Граѓанскиот ресурсен центар во Скопје се одржа дебата на тема „Структуриран и одржлив дијалог меѓу граѓанските организации и институциите“, на која 70 претставници на граѓанските организации разменија ставови и мислења за надминување

programore të shoqatave dhe fondacioneve për vitin 2022,16 me propozim të Ministrisë së Sistemit Politik dhe Marrëdhënieve Ndërmjet Bashkësive, Këshilli mbajti një seancë urgjente më 6.10.2022 dhe dorëzoi kërkesë me shkrim deri te kryetari i Qeverisë Zëvendëskryeministri i Parë dhe Ministri për Sistem Politik dhe Marrëdhëniet Ndërmjet Bashkësive, Zëvendëskryeministri për Çështje Evropiane, Ministri i Financave, Sekretari i Përgjithshëm i Qeverisë dhe Sekretari i Sekretariatit për Legjislacion, me ftesë për të marrë pjesë në një seancë publike të Këshillit për të pasur një debat të hapur për këto çështje dhe sfida.

Me qëllim të tejkalimit të sfidave dhe rivendosjes së dialogut dhe bashkëpunimit ndërmjet Qeverisë dhe shoqërisë civile, anëtarët e Këshillit nga organizatat civile, më 30.1.2023 dorëzuan edhe një kërkesë tjetër me shkrim për takim me kryetarin e Qeverisë së Republikës së Maqedonisë së Veriut.

Takimet nuk janë zhvilluar ende.

Në Raportin e Komisionit Evropian për Maqedoninë e Veriut për vitin 2023, theksohet se “Organizatat civile duhet të kenë rol të rëndësishëm në procesin e reformave dhe të përfshihen në proceset vendimmarrëse... Është e nevojshme që Këshilli për Bashkëpunim ndërmjet Qeveria dhe shoqërisë civile të vazhdojnë me aktivitetet e saj”. Më 3.11.2023 në hapësirat e Qendrës Burimore Civile në Shkup u mbajt debat me temën “Dialog i strukturuar dhe i qëndrueshëm ndërmjet organizatave civile dhe institucioneve”, në të cilin 70 përfaqësues të organizatave civile shkëmbyen qëndrime dhe mendime për tejkalimin sfidës në funksionimin e Këshillit.

[15] „Службен весник на РСМ“ бр. 210/22
[16] „Службен весник на РСМ“ бр. 217/22

на предизвикот во функционирањето на Советот.

**4.2. Отсуство на поддршка од Министерството за финансии на планираната реформа на системот на државно финансирање на граѓанските организации**

Спроведувањето на планираните активности за унапредување на даночната рамка од аспект на данокот на додадена вредност, според Министерството за финансии е неприфатливо и спротивно со директивите на Европската Унија. Според Министерството, зголемувањето на листата на добра кои би се ослободиле од ДДВ ќе ја наруши неутралноста на овој данок, ќе направи притисок врз зголемување на висината на општата стапка на ДДВ и ќе предизвика негативни фискални импликации врз Буџетот на Република Северна Македонија. Министерството е на мислење дека истото негативно ќе се одрази во оценката на состојбите во рамките на поглавјето кое се однесува на оданочувањето (Поглавје 16) во извештајот на Република Северна Македонија како земја кандидат за членство во Европската Унија.

Министерството за финансии има негативен став и за зголемувањето на уделот на државно финансирање (од централниот буџет и од буџетите на единиците на локална самоуправа) од 30% во вкупните приходи на граѓанските организации до 2024 година, како и за формирањето на независен Фонд за поддршка и развој на граѓанското општество. Имајќи предвид дека формирање на нови институции/фонд предизвикува фискални импликации по Буџетот на Република Северна Македонија, Министерството за финансии предлага потребните средства за финансирање на граѓанските организации да се утврдуваат за тековната фискална година согласно буџетските можности и активностите да се

**4.2. Mungesa e mbështetjes së Ministrisë së Financave në reformën e planifikuar të sistemit të financimit shtetëror të organizatave civile.**

Zbatimi i aktiviteteve të planifikuara për avancimin e kuadrit tatimor nga pikëpamja e tatimit mbi vlerën e shtuar , sipas Ministrisë së Financave është i papranueshëm dhe në kundërshtim me direktivat e Bashkimit Evropian. Sipas Ministrisë, rritja e listës së mallrave që do të përjashtohen nga TVSH-ja do të cenojë neutralitetin e kësaj takse, do të ushtrojë presion për rritjen e masës së përgjithshme të TVSH-së dhe do të sjellë implikime negative fiskale në Buxhetin e Republikës. të Maqedonisë së Veriut.
Ministria mendon se e njëjta do të reflektohet negativisht edhe në vlerësimin e gjendjes në kuadër të kapitullit që ka të bëjë me tatimin (Kapitulli 16) në raportin e Republikës së Maqedonisë së Veriut si vend kandidat për anëtarësim në Bashkimin Evropian.

Ministria e Financave ka mendim negativ për rritjen e pjesëmarrjes së financimit shtetëror (nga buxheti qendror dhe nga buxhetet e njësive të vetëqeverisjes lokale) nga 30% në totalin e të ardhurave të organizatave civile deri në vitin 2024, si dhe për krijimin e Fondit të pavarur për mbështetjen dhe zhvillimin e shoqërisë civile. Duke marrë parasysh se themelimi i institucioneve/fondeve të reja shkakton implikime fiskale për Buxhetin e Republikës së Maqedonisë së Veriut, Ministria e Financave propozon që mjetet e nevojshme për financimin e organizatave civile të përcaktohen për vitin aktual fiskal në përputhje me mundësitë buxhetore dhe që aktivitetet të kryhen brenda resurseve ekzistuese të institucioneve kompetente.

вршат во рамките на постоечките ресурси на надлежните институции.

Унапредувањето на системот на државно финансирање на граѓанските организации и воспоставувањето на даночна рамка којашто одговара на спецификите на работењето на граѓанските организации претставуваат темелни стратешки цели на Стратегијата на Владата на Република Северна Македонија за соработка со и развој на граѓанското општество 2022-2024. Со цел надминување на моменталната состојба и донесување на политики базирани на докази, во рамките на проектот „Техничка поддршка за унапредување на овозможувачката средина за граѓанските организации во Република Северна Македонија“ во 2023 година подготвени се неколку анализи поврзани со даночниот третман на граѓанските организации, економски активности и сметководство на непрофитните организации (Извештај од консултативен состанок за даночен третман на граѓанските организации; Извештај за правната рамка која им овозможува на граѓанските организации да се вклучат во економски активности; Анализа и предлози поврзани со правната рамка за сметководство за граѓанските организации во Република Северна Македонија и Граѓанските организации како работодавачи – справување со клучните предизвици во законодавството), а во Генералниот секретаријат на Владата во тек е подготовка на Извештај за финансирање на програмски активности на здруженија и фондации од Владата на Република Северна Македонија, органите на државна управа и единиците на локална самоуправа во 2023 година.

Përmirësimi i sistemit të financimit shtetëror të organizatave civile dhe krijimi i kornizës tatimore që i përgjigjet specifikave të punës së organizatave civile paraqesin qëllime themelore strategjike të Strategjisë së Qeverisë së Republikës së Maqedonisë së Veriut për bashkëpunim me dhe zhvillim të shoqërisë civile 2022-2024. Me qëllim tejkalimin e situatës momentale dhe sjelljen e politikave të bazuara në dëshmi, në kuadër të projektit "Mbështetje teknike për përmirësimin e mjedisit të favorshëm për organizatat civile në Republikën e Maqedonisë së Veriut", në vitin 2023 janë përgatitur disa analiza në lidhje me trajtimin tatimor të organizatave civile, aktivitetet ekonomike dhe kontabiliteti i organizatave jofitimprurëse (Raport nga takim konsultativ për trajtimin tatimor të organizatave civile; Raport mbi kornizën ligjore që u mundëson organizatave civile të angazhohen në aktivitete ekonomike; Analiza dhe propozime në lidhje me kornizën ligjore për kontabilitetin e organizatave civile në Republikën e Maqedonisë së Veriut dhe organizatave civile si punëdhënës – menaxhim me sfidat kryesore në legjislacion), ndërsa në Sekretariatin e Përgjithshëm të Qeverisë në rrjedhë është përgatitja e Raportit për financimin e aktiviteteve programore të shoqatave dhe fondacioneve nga Qeveria e Republikës së Maqedonisë së Veriut, organet e administratës shtetërore dhe njësitë e vetëqeverisjes lokale në vitin 2023.

## 5. Прилог: Табеларен преглед со оценка на степенот на спроведување на оперативните цели и активностите од Акцискиот план на Стратегијата

## 5. Shtojcë: Pasqyrë tabelare me vlerësim të shkallës së zbatimit të qëllimeve operative dhe aktiviteteve nga Plani i veprimit të Strategjisë